**20211682789**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Со цел имплементација на одредбите на член 1 од Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Поградец, склучена во Охрид на 25 септември 1999 Врз основа на член 35 став 1 алинеја 3 и 5 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Министерот за внатрешни работи на Република Северна Македонија во согласност со Министерството за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија и утврдената согласност на Министерството за внатрешни работи на Република Албанија, како надлежен орган на соседната држава донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИВРЕМЕН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

I. СЕ ОПРЕДЕЛУВА привремен граничен премин „Свети Наум“ со цел спроведување на активности што произлегуваат од ратификуван меѓународен договор за преминување на државната граница по воден пат и престој на територијата на Република Северна Македонија и Република Албанија.

II. МЕСТО НА ЛОЦИРАЊЕ на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин е лоциран на пристаништето во местото викано Свети Наум - Општина Охрид на заедничката граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија.

III. ВРЕМЕ НА РАБОТЕЊЕ на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин се утврдува да работи од 15 јуни 2021 година до 15 октомври 2021 година со работно време од 09 до 20 часот.

IV. ОБЕМ НА КОРИСТЕЊЕ на привремениот граничен премин

Лицата кои во периодот од дел III на ова решение имаат намера да ја преминат државната граница преку овој привремен граничен премин со себе можат да носат само предмети наменети исклучиво за лична употреба.

Привремениот граничен премин не може да се користи за транспорт, односно пренесување на стоки преку државната граница кои подлежат на плаќање царина, данок или други давачки.

V. НАЧИН НА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

Преминувањето на државната граница на привремениот граничен премин се врши од страна на лица кои се наоѓаат на списокот со податоците за членовите на екипажот и патниците кои се наоѓаат на пловниот објект за крстарење.

VI. УСЛОВИ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

За преминување на државната граница преку привремениот граничен премин потребно е лицето да поседува валиден патен документ (лична карта или пасош) издаден согласно националното законодавство од надлежен државен орган со кој може да се утврди неговиот идентитет, како и да ги исполнува општите и посебните услови предвидени со закон за влез и излез од територијата на Република Северна Македонија.

VII. ТРОШОЦИ

Трошоците за определување и работење на привремениот граничен премин се на товар на Буџетот на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

VIII. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото потпишување и ќе биде објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.02-038521/21-0002
13 јули 2021 година
Скопје

Министерство
за финансии,
Царинска управа
Директор,
м-р **Горан Сугарески,** с.р.

Бр.13.1-63786/1
24 јуни 2021 година
**Скопје**

Министерство
за внатрешни работи
Министер,
**Оливер Спасовски,** с.р.